# *КЛУБ ПРОКИК-ФЕМИЛИ Скопје*

*Бул.Авној бр.74/1, Скопје*

**До**
**Кикбокс Маитаи Федерација на Македонија**

**Предмет:** Достава на извештај за наменско користење на средства

Почитувани ,

Согласно обврските кои произлегуваат од член 14-е од Законот за спорт во прилог Ви доставуваме извештај за наменско користење на средствата добиени со ваучер систем како мерка за поттикнување на развојот на спортот.

Дата,09.03.2020

Клуб Прокик Фемили
Претседател
Жарко Михајловски

**ИЗВЕШТАЈ ЗА НАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД МЕРКА ВАУЧЕР СИСТЕМ ЗАКЛУЧНО 31.12.2019 ГОДИНА**

Агенцијата за млади и спорт на Спортското Здружение Клуб Прокик Фемили од Скопје согласно измените во Законот за спорт и Законот на данок на добивка во 2019 година му издаде ваучери за користење на средства од даночно ослободување и тоа :

- Прв ваучер, бр.08-1512/202 од 10.06.2019 година на износ од 145.500,00 денари;
- Втор ваучер, бр.08-2733/273 од 04.12.2019година на износ од 63.252,00 денари.

По извршување на потребните постапки во Управата за јавни приходи и добивањето на решенија за даночно ослободување за донирање на финансиски средства на спортски субјекти наведените ваучери се реализирани како парична донација префрлена на наменска сметка од страна на компанијата Пуцко Петрол Доо Пласница на следните датуми:

- 31.07.2019 година, средства во износ од 145.500,00 денари;
- 12.12.2019 година, средства во износ од 63.252,00 денари

Вкупниот износ на реализирана донација од страна на компанијата Пуцко Петрол Доо Пласница изнесува 208.752,00 денари.

Заклучно 31.12.2019 година Спортското Здружение Клуб Прокик Фемили од Скопје средствата добиени на наменската сметка со горенаведената донација ги користеше согласно член 14-д од Законот за спорт и тоа :

- За организација на патувања и престој на клубот или активниот спортист во земјата и странство заради натпреварувања или подготовки – вкупен износ од 51.786,00 денари;
- За плаќање за изнајмување на деловен простор за работа на клубот, во износ не поголем од 10% од добиените средства годишно - вкупен износ од 20.650,00 денари;
- За котизации и членарини во меѓународни тела во кои членуваат – во вкупен износ од 10.678,00 денари;
- За набавка на опрема и реквизити - вкупен износ од 39.560,00 денари;
- За здравствена заштита,пензиско и инвалидско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на активните спортисти - вкупен износ од 1.370,00 денари.

Скопје,09.03.2020

Клуб Прокик Фемили
Претседател
Жарко Михајловски

Спортско здружение Клуб Прокик-Фемили Скопје